Врз основа на член 28 став 8 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18, 208/24 и 16/25) и член 18 од Статутот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: Комисија), на седницата одржана на ден 23.01.2025 година, донесе:

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
# ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

# НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

## Член 1

Во Статутот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.01-161/1 од 10.07.2019 година, во член 6 во ставот (2) по зборот „членовите“, зборовите: „професионално ангажирани во работењето“, се бришат.

## Член 2

Во членот 9 став (1) се менува и гласи:
„Комисијата за одлучување по прекршок е составена од претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Претседател на Комисијата за одлучување по прекршок е претседателот или еден од членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и истиот задолжително треба да биде дипломиран правник со положен правосуден испит“.

## Член 3

Членот 11 се менува и гласи:
„ (1) Основните организациски облици на стручната служба на Комисијата се:

1. Државен советник од областа на заштита на конкуренцијата.
2. Државен советник за контрола на државна помош.
3. Сектор за општи, стручно административни работи и човечки ресурси:
   - Одделение за стручно-административни работи и управување со човечки ресурси;
   - Одделение за административна подршка на работата на комисијата и инфомратички систем.
4. Сектор за анализи и оценка на концентрации:
   - Одделение за истражување и анализа на пазарите;
   - Одделение за оценка на концентрации.
5. Сектор за прекршочни постапки кои се водат согласно ЗЗК:
   - Одделение за прекршочни постапки од областа на злоупотреба на доминантна позиција и концентрации;
   - Одделение за административна подршка на работата на комисијата и инфомратички систем.
6. Сектор за контрола на државна помош:
   - Одделение за надзор над државна помош;
   - Одделение за оценка на државна помош.
7. Сектор за меѓународна соработка следење и примена на правото на ЕУ:
   - Одделение за меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ за целите на примена на ЗЗК и ЗЗНТПССЗПП;
   - Одделение за меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ за целите на примената на ЗКДП.
8. Сектор за нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехрамбени производи:

- Одделение за истражување и економски анализи за целите на примена на ЗЗНТПССЗПП;
- Одделение за прекршочни постапки за целите на примена на ЗЗНТПССЗПП.

9. Одделение за финансиски прашања.“

Член 4

Членот 26 се менува и гласи:
„Од средствата на Комисијата се обезбедуваат средства особено за: плати и надоместоци за претседателот и членовите на Комисијата, плата на вработените во стручната служба наКомисијата, набавка на опрема и намирување на материјалните трошоци за работа на Комисијата, патни трошоци во земјата и во странство за претседателот и членовите на Комисијата и административните службеници во стручната служба на Комисијата, учество во работа на Меѓународни организации, надоместок на надворешни соработници кои не се во работен однос во Комисијата што се предвидени со годишниот финансиски план за тековната година.“

Член 5

Во член 27 во ставот (1) по зборот „членовите“, зборовите: „кои се професионално ангажирани во работењето“, се бришат.
Во ставот (2) по зборот „кои не се професионално ангажирани во работењето на Комисијата“, се бришат.

Член 6

Оваа Статутарна одлука за имена на Статутот влегува во сила наредниот дел од денот на негово донесување.

Број _______
Дата __________

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**
______________________________